До

ТТК Банка АД Скопје
ул.Народен фронт бр.19/а
1000 Скопје

Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан
ТЕТЕКС АД
Бр. 0204-1010
05 10 2020 год.
ТЕТОВО

-Управен одбор
-Собрание на акционери

ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ Бр.1

| Примено: | 06-10-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 6560/1 | | |

/за XXXV-та седница на Собрание на акционери/

Предмет: Предлог-Одлука за предложена точка на Дневен ред

Во согласност со член 390 од Законот за трговските друштва, акционерот Тетекс АД Тетово, кој поседува над 5% од вкупниот број на акции со право на глас, за XXXV седница на Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје закажана за ден 03.11.2020 година, ПРЕДЛАГА по точка 1 од Работниот дел од предложениот Дневен ред за усвојување/донесување

1.Предлог-Одлука за именување членови на Надзорен одбор на ТТК Банка АД Скопје

која е во прилог на овој допис.

Предложените членови на Надзорен одбор на ТТК Банка АД Скопје се досегашни членови на овој Надзорен одбор и всушност со предложената одлука се предлага нивни реизбор. Тие се лица со големо работно искуство од областа на финансиското работење и поседуваат професионални квалификации да ги извршуваат работите од делокругот на работењето на Надзорниот одбор на Банката што се докажа со нивното досегашно членство. Нивниот придонес во работата на Надзорниот одбор е исклучителен и со своето понатамошно членство и понатаму ќе придонесуваат Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје доследно да ги извршува работите од своја надлежност. Тие придонесоа и понатаму ќе придонесат за добро работење и управување на Банката, за нејзино сигурно, стабилно и ефикасно работење, како и за прилагодување на работењето на Банката кон потребите на пазарот и задржувањето на добрата позиција и добриот имиџ на Банката во банкарскиот систем на Република Северна Македонија.

Тетекс АД Тетово

Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан ТЕТЕКС АД 1 ТЕТОВО

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 8, а во согласност со член 48, член 50 и член 51 став 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на Банката на XXXV-тата седница одржана на ден 3.11.2020 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за именување членови на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје**

**Член 1**

За членови на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 години се именуваат:

1. М-р Глигорие Гоговски, сметано од 18.3.2021 година;
2. Борислав Трповски, сметано од 3.4.2021 година;
3. Драгица Јовановска, сметано од 4.4.2021 година;
4. Трим Ќемали, сметано од 17.3.2021 година;
5. Проф.Д-р Арсен Јаневски, независен член, сметано од 18.3.2021 година.

**Член 2**

Членовите на Надзорниот одбор избираат претседател на Надзорниот одбор од своите редови.

**Член 3**

На членовите на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје им се определува награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор и тоа: 60.000 денари месечно за претседателот на Надзорниот одбор, а 45.000 денари месечно за членовите на Надзорниот одбор.

**Член 4**

Управниот одбор на Банката поднесува пријава за упис на именуваните членови на Надзорниот одбор во трговскиот регистар.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила по добивањето претходна согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија, но по истекот на мандатите на 5-те именувани членови на Надзорниот одбор на Банката.

**Собрание на ТТК Банка АД Скопје**
**Претседавач**